Јавна здравствена установа
Општа Болница Велес
Бр. 02-124/5
28-01-2026 год.
Велес

Врз основа на чл. 45 од Законот за административни службеници и согласно чл. 30 од Статутот на ЈЗУ Општа болница Велес, а во врска со конечната листа од сите фази на селекција и предлогот на кандидати за вработување по објавениот јавен оглас 1143/25 од страна на Агенцијата за администрација, В.Д.Директорот на ЈЗУ Општа Болница Велес, Александар Бузалков-дипломиран економист, донесе:

# О Д Л У К А

**За избор на кандидат за административен службеник по јавен оглас бр.1143/2025 година за работно место Референт – администратор за истории**

1. За извршител на работно место **Референт - администратор за истории**, , Сектор за административно, правни, општи работи и човечки ресурси, со шифра ЗДР0102Г03003 **се избира кандидатот Кристина Кимовска**, со идентификациски број F7E274F.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 06.12.2025 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха и на интернет страната на Агенцијата за администрација е објавен оглас бр.1143/2025 година за вработување на административни службеници - 1 извршител.

По објавувањето на јавниот оглас бр.1143/2025 година за вработување на административен службеник - 1 извршител за следното работно места; едно (1) лице референт – администратор за истории во дневните весници Слободен печат, Вечер и Лајм и на интернет страната на Агенцијата за администрација, со Решение бр.10-2219/13 од 22.12.2025 година од страна на Агенцијата за администрација е формирана Комисија за селекција за вработување по јавениот оглас.На ден 25.12.2025 година е извршена административна селекција за административен службеник за што е изготвен записник со бр.10-2219/4 од 25.12.2024 година. На ден 14.01.2026 година од страна на Агенцијата за администрација е доставено Решени бр. 10-2219/10-308/1 со кое е извршено изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас. На ден 14.01.2026 е е спроведен испит за административен службеник за што е изготвен записник бр.10-291/2 од 14.01.2025 година. На ден 22.01.2025 година е спроведена постапка на веродостојноста на доказите и интервју за административниот службеник за што е изготвен записник бр10-2219/10-308/2 од 22.01.2025 година.

На ден 22.01.2024 година од страна на Агенцијата за администрација до ЈЗУ Општа Болница Велес е доставен предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас бр.1143/2025 година со прилог конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог кандидати за вработување.

Согласно чл.45 од Законот за административни работници и чл. 30 од Статутот на ЈЗУ Општа Болница Велес, Директорот на ЈЗУ Општа Болница Велес одлучи и донесе Одлука за избор како во диспозитивот на одлуката.

**Правна поука**: Против оваа Одлука за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Комисијата на Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈЗУ Општа болница Велес**
**В.Д.Директор**
**Александар Бузалков**

Доставено до
Избраниот кандидат
Агенција за административни службеници
Архива